Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ,
ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“
ул. „16 Македонска бригада“ бр. 1, 1000 Скопје
деканат: 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-348/10**
**20.10.2021 година**

Врз основа на член 110 став 1 точка 12 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021) и член 58 од Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем” во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 467/2019), Наставно научниот совет на својата 9-та (деветта) редовна седница одржана ден 20.10.2021 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**за одобрување на дополнителна испитна сесија во академската 2021/2022 за студентите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**

**I. СЕ ОДОБРУВА** дополнителна испитна сесија во зимскиот семестар која ќе трае од 15 до 19 ноември 2021 година и дополнителна испитна сесија во летниот семестар која ќе трае од 11 до 15 април 2022 година.
Пријавувањето за испит во дополнителната испитна сесија во зимскиот семестар ќе се врши од 09-ти до 11-ти ноември 2021 година а во дополнителната испитна сесија во летниот семестар ќе се врши од 05-ти до 07-ми април 2022 година.

**II.** Во дополната испитна сесија во зимскиот семестар ќе можат да се полагаат испити за предмети кои студентите ги слушале во летен семестар од академската 2020/2021 година. Испит можат да пријават и полагаат студенти кои во актуелниот зимски семестар (2021/2022г.) имаат запишано предмети со вкупен број кредити не повеќе од 20.

**III.** Во дополната испитна сесија во летниотсеместар ќе можат да се полагаат испити за предмети кои студентите ги слушале во зимскиот семестар од академската 2021/2022 година. Испит можат да пријават и полагаат студенти кои во актуелниот летен семестар (2021/2022 година) имаат запишано предмети со вкупен број кредити не повеќе од 20

**IV**. При пријавувањето на испитите студентите треба задолжително да приложат пријава со уплатен надоместок во износ од 500,00 денари за полагање на испит во дополнителната испитна сесија, а ако го пријавуваат испитот по втор пат дополнително доплаќаат 300,00 денари.

**V**. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Доставено до:**

- архива,
- продекан за настава,
- студентски прашања,
- огласна табла,
- веб страна на факултетот,
- секретар

**декан**

**проф.д-р Кирил Сотировски**